РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2516/3
18-11-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 10-та седница одржана на ден 08.11.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-2516/1 од 25.09.2024 година, поднесена од познат подносител, со наводи против лицето ----------------- , Министер за ----------------- за донесено Решение за распоредување на администативен службеник вработен во Министерството за -------------------, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот – за предметниот случај постапуваат други надлежени органи.

Предметот со број 12-2516/1 од 25.09.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, преку електронска пошта, на ден 25.09.2024 година, поднесена е пријава против лицето -------------------- , Министер за --------------------- и оформен е предмет бој 12-2516/1 од 25.09.2024 година.
Во пријавата подносителот наведува дека бил вработен на работно место - Раководител на сектор ------------ ------------ во Министерството за -------------- (Во понатамошниот текст: ----------).
Од страна на ----------------, Министер за ------------------- донесено било Решение за негово распоредување и определување на плата број --------- од ---------- година, со кое бил распореден на работно место Раководител на Сектор за -----------, ------------, ---------------------.
При увидот во пријавата се наведува дека биле заведени 2 (две) решенија под ист деловоден број, односно дека се работи за фалсификување на наведеното решение. Подносителот, наведува дека постапката за негово распоредување не била фер и транспарентна, односно потребата од распоредување требало да биде предвидена и јавно објавена и да биде достапна и до сите вработени лица.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Имено, подносителот наведува дека кога било донесено решението за негово распоредување на наведениот Сектор, работното место веќе било пополнето од страна на административниот службеник -------------- со решение бр.------------ од --------------- година. Посочува и дека е синдикален претставник на синдикалната организација на УПОЗ во ---------------, и донесеното решение за распоредување е спротивно на позитивните законски прописи и подзаконски акти, односно дека претставник на синдикална организација не може да се распоредува на друго работно место, без негова согласност.

Во прилог на пријавата доставена е и дополнителна документација од која се констатира дека подносителот го искористил правното средство и поднел жалба против донесеното Решение до Агенцијата за администрација – Комисија на Агенцијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен и Барање до Државен управен инспекторат на РСМ за вршење вонреден инспекциски надзор. Од страна на ---------- преку овластен претставник, до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен доставен е одговор на жалба против наведеното решение, заведено со број ------------ од ------------ година, а од каде ДКСК констатира дека надлежен орган - Агенцијата за администрација веќе постапува по пријавените наводи.

По разгледување на предметната пријава и целокупната документација, ДКСК утврди дека нема елементи за нејзино натамошно постапување од причина што пријавените наводи се однесуваат на прашања од областа на работните односи со што со Закон е утврдена надлежноста на други органи, пред кои подносителот презел дејствија и каде постапката е во тек, односно за предметниот случај постапува Агенцијата за администрација – Комисија на Агенцијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен и Државениот управен инспекторат на РСМ.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., Член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата